

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 63,
МЕСЕЦ ОКТОМВРИ
И НОЕМВРИ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РАЗУБАВУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА .

ПОСТАВУВАЊЕ НА 10 САКСИИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ КОИ ПОСАДЕНИ ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ОЗЕЛЕНАТ И СО ТОА ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА УБАВИОТ ИЗГЛЕД НА НАШИОТ ГРАД. ПОКРАЈ ОВА СЕ ПОСТАВИЈА И 2 НОВИ ФОНТАНИ ОТКАКО ГРАДЕЖНАТА ГРУПА ПРИ ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ИЗВОДИ ЗА ДОВОД, ОДВОД И ПОСТАМЕНТИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕНГО ГРАДБА ДООЕЛ С. ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД.



ЗАПОЧНА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

СО ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ БИДАТ ОПФАТЕНИ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „27 МАРТ", ВИКЕНД НАСЕЛБАТА НАСПРОТИ СПОМЕНИКОТ „12 МЛАДИНЦИ" И НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО. ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НОВИ СТОЛБОВИ И СВЕТИЛКИ, А ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е 900.000 ДЕНАРИ.

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!



ПОЧИТУВАНИ КОРИСНИЦИ, НА ПОВЕЌЕ МЕСТА ВО ГРАДОТ ЈП КОМУНАЛЕЦ КАКО И СЕКОЈА ГОДИНА, ТАКА И ОВАА ВО ТЕКОТ НА ЗИМСКИОТ ПЕРИОД ПОСТАВУВА МЕТАЛНИ КАНТИ СО НАТПИС И СТРОГА НАМЕНА ЗА ПЕПЕЛ, СЕ СО ЦЕЛ ДА НЕ ДОЈДЕ ДО ЗАПАЛУВАЊЕ НА КОНТЕЈНЕРИТЕ КОИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД.

ЗАТОА ВЕ МОЛИМЕ ПЕПЕЛТА ДА ЈА ИСФРЛАТЕ ВО ОВИЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ КАНТИ.

СЕКОЕ НЕСОВЕСНО ОДНЕСУВАЊЕ ЌЕ БИДЕ ПРИЈАВЕНО И САНКЦИОНИРАНО ОД НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ.



ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КОН СЕЛО РАЕЦ ВО ДОЛЖИНА ОД 270 МЕТРИ, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ. ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД ИСТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ И НА ПАТОТ ДО СЕЛО ДРЕНОВО, И ДЕЛОТ СПРЕМА СЕЛАТА КРЊЕВО И БОХУЛА.

ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВЕНА Е ГУМЕНА ПОДЛОГА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО МАРЕНА ВО СКЛОП НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА И ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО ПОВРШИНА ОД 85М$^2$. ИСТОТО ЌЕ СЕ ОЗЕЛЕНИ И ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВА УРБАНА ОПРЕМА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.



АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИТЕ „ЛИЧКА" И „ВЛАДИМИР НАЗОР", КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.





ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. „БРАЌА ЏУНОВИ" Е КОМПЛЕТНО УРЕДЕНО
НА ПОВРШИНА ОД 185М2 ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА И ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.



КАВАДАРЦИ ДОБИВА УШТЕ ДВЕ НОВИ ИГРАЛИШТА, РАКОМЕТНО И КОШАРКАРСКО!
ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА ИГРАЛИШТАТА КОИ СЕ ВО СКЛОП НА НОВИОТ ПАРК ВО СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" КАВАДАРЦИ.
РАКОМЕТНО И КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1500М2, КОМПЛЕТ СО КОНСТРУКЦИЈА ЗА КОШЕВИ И ГОЛ, КАДЕ ШТО СЕ ИЗВЕДЕНИ И ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ОСВЕТЛУВАЊЕ, ОЗЕЛЕНУВАЊЕ И СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД, А ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 9.870.000 ДЕНАРИ.



ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ" КОЈА ОПФАЌА КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА СОБИТЕ, ТОАЛЕТИТЕ, КУЈНА,ХОДНИЦИ И ВЛЕЗНИ ПАРТИИ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 5.500.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЈОСКА ТРАНС ОД БИТОЛА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРЕД И ПОТОА!
ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЛ. „МАКСИМ ГОРКИ" НА ПОВРШИНА ОД 250М2, СО ШТО БИ СЕ ОВОЗМОЖИЛ ПОДОБАР ПРИСТАП И ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ГРАЃАНИТЕ КОИ ШТО ЖИВЕАТ ВО ТОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.
ОВА УРЕДУВАЊЕ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.




ПРОБИВАЊЕ НА БУЛЕВАР „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" И СПОЈУВАЊЕ СО „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР"
ИЗВРШЕНО ТАМПОНИРАЊЕ НА БУЛЕВАРОТ И ВО СЛЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ВОДОВОДНА, КАНАЛИЗАЦИОНА И АТМОСФЕРСКА МРЕЖА, ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАРОТ СО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ТРОТОАРИ ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е КОМПЛЕТНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ И ПОВРШИНА ОД 4900 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. „ДОМОВИЦА" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ ЗА ПРОБИВАЊЕ. СО ОВА КОМПЛЕТНО ЌЕ СЕ ЗАВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ОВОЈ ДЕЛ ОД УЛИЦА „ДОМОВИЦА".
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



„РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ"
ВО СКЛОП НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, РАБОТЕШЕ НА ПРОМЕНА НА СТАРОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАРКИНЗИТЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ. СМЕНЕТИ СЕ СВЕТИЛКИТЕ НА ПАРКИНЗИТЕ НА „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ", „ЦВЕТАН ДИМОВ" И ДЕЛ ОД „ИЛИНДЕНСКА" ДО „МОША ПИЈАДЕ". ПОСТАВЕНИ СЕ НОВИ ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ СВЕТИЛКИ СО ПОДОБРА ИЛУМИНАЦИЈА. СЕ ПРОДОЛЖУВА И СО ДРУГИ ЛОКАЦИИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

„РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ"
ВО СКЛОП НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, РАБОТИ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ. ШИШКА, ВО СЕЛО МАРЕНА И НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ОД ЈУГО КОМЕРЦ, КАДЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ СВЕТИЛКИ СО ПОДОБРА ИЛУМИНАЦИЈА. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ И НА ПОВЕЌЕ ОД 20 ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНАТА, И ТОА 562 БРОЈА СВЕТИЛКИ, МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ВИСИНА ОД 5 ,6, 8, 10 И 12 МЕТРИ ВКУПНО 494 БРОЈА, ВО ДОЛЖИНА ОД 13.255 МЕТРИ.
ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ Е 65.000.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО СКОПЈЕ.





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДОТ ВО ДЕПОТО-ОДДЕЛ ЗА ВОЗРАСНИ ЧИТАТЕЛИ ВО БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН КАВАДАРЦИ. ПРОЕКТОТ Е СО ВРЕДНОСТ ОД 173.991,00 ДЕНАРИ, СРЕДСТВА ОДОБРЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ Е ФИРМАТА ПАТИО МОНТ ОД КАВАДАРЦИ.



ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИОТ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО НА ПОВРШИНА ОД 530М2, ОД КОИ САМО ЗА СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ 360М2, ДОДЕКА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТ ЗА СОБЛЕКУВАЛНИ, ТОАЛЕТИ И ЕДНА ДЕЛОВНА ПРОСТОРИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ДРЕНОВО.
ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ВИСИНА ОД 30 МИЛИОНИ ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО СЕЛО БОХУЛА
ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ, КОЈ ОПФАЌАШЕ ТАМПОНИРАЊЕ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ, СЕГА И АСФАЛТИРАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 600 МЕТРИ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 6.000.000 ДЕНАРИ ОД КОИ 2.000.000 ДЕНАРИ СЕ ОД БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ, А ОСТАНАТИОТ ИЗНОС Е ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВУВААТ КЛУПИ – УРБАНА ОПРЕМА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.







ПРОДОЛЖУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „РИСТО ЏОНДЕВ" КОИ ОПФАЌААТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТАЛОЖНИЦИ, ИЗРАБОТКА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф1000, ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ РЕШЕТКИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО САНИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ. СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СЕ ВРШЕШЕ САНАЦИЈА НА УДАРНИ ДУПКИ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ СЕЛО ГАРНИКОВО – ВИТАЧЕВО НА ПОВРШИНА ОД ОКОЛУ 300М2.





НА УЛ. „ДИМЕ ЧЕКОРОВ" ВО СЕЛО ВАТАША, СЕ ПОСТАВУВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА – РЕГУЛАЦИЈА НА ДОЛОТ, СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф800 ВО ДОЛЖИНА ОД 100 МЕТРИ. ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



РЕДОВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА ПРОТИВ ГЛОДАРИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ТРЕТИРАНИ СЕ НАД 1000 ШАХТИ ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА, СО ПОСТАВУВАЊЕ НА МАМЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЛИСА КОМ МС ОД КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД КРАЦИТЕ ОД УЛ. „25 МАЈ" ВО ДОЛЖИНА ОД 440М И ПОВРШИНА ОД 3420 М2 КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА". ПРЕТХОДЕШЕ ТАМПОНИРАЊЕ, И НА ИСТАТА УЛИЦА СЕ ИЗГРАДЕНИ НЕКОЛКУ ПОТПОРНИ ЅИДОВИ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ И ЗА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.
ОВИЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛИЦАТА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ОД СРЕДСТВА КОИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.







ПО БАРАЊЕ НА ГРУПА ГРАЃАНИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО ТАМПОНИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „ЦРНОРЕЧКА".



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. ШИШКА, И ТОА ВО ДЕЛОТ ОД БУЛЕВАР ВИДЕО СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ, СО ВКУПНА ПОВРШИНА НА АСФАЛТИРАЊЕ ОД 4000М2. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 10.974.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ФИРМАТА ЕСКАВАТОРИ ОД СКОПЈЕ. ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ ЦЕЛОСНО НОВИ ТРОТОАРИ, КАКО И ЦЕЛОСНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ПОДОБРИ И ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ ЗА ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М 2, СЕ АСФАЛТИРАА ФУДБАЛСКО И КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ И СЕ ПОСТАВИ КОМПЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА ЗА КОШОВИ И ФУДБАЛСКИ ГОЛОВИ. ИЗВЕДУВАЧ Е КОМПАНИЈАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ.„СОЛУНСКА ГЛАВА“ СО ПОВРШИНА ОД 230$M^2$ СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И СЕ РЕПАРИРАА ПОСТОЕЧКИТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.





ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ. ЗА ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!
ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА „ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОДНИТЕ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА“.
Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО ЦЕЛОСТ ГИ ЗАМЕНИ ВОДОМЕРИТЕ ВО СЕЛАТА ВОЗАРЦИ И ДАБНИШТЕ СО НОВИ СМАРТ ВОДОМЕРИ НА ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ, А ВО ТЕК Е ПОСТАВУВАЊЕ НА ВАКВИ ВОДОМЕРИ И НА ТЕШКО ПРИСТАПНИТЕ ТЕРЕНИ ВО ГРАДОТ. ВО 2025 ГОДИНА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ УШТЕ 2000 ВАКВИ ВОДОМЕРИ СО ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ.
ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПОСТОЈАНО ГИ ПОДОБРУВА И УНАПРЕДУВА УСЛУГИТЕ КОИ ГИ НУДИ ПРЕКУ ВАКВИ ПРОЕКТИ, КОИ СЕ ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ШИШКА" ВО ДЕЛОТ ОД БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР. КОМПЛЕТНО ВАДЕЊЕ НА ПОСТЕЧКИОТ АСФАЛТ, ТРОТОАРИ, РАБНИЦИ, И ПРОШИРУВАЊЕ СО УШТЕ ЕДНА КОЛОВОЗНА ЛЕНТА, ПО ШТО СЛЕДУВА ТАМПОНИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ ВО ДВА СЛОЈА СО КОМПЛЕТНО НОВИ ТРОТОАРИ, ДРВОРЕД И ОСВЕТЛУВАЊЕ. ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ, СО ПОВРШИНА ОД 4000М2. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 10.974.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ФИРМАТА ЕСКАВАТОРИ ОД СКОПЈЕ.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ПОДОБРИ И ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ ЗА ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ.





АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВОИЗГРАДЕНАТА ТРЕТА ЛЕНТА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР!
АСФАЛТИРАЊЕ НА ТРЕТА ЛЕНТА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР, ПО ПРЕТХОДНО ПРОШИРУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ИСТАТА, ВО ДОЛЖИНА 350 МЕТРИ, И ПОВРШИНА ОД 1000М2. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВО ВИСИНА ОД 2.500.000,00 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ДИКОР ЦД ДООЕЛ, СТРУМИЦА.



ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „РИСТО ЏОНДЕВ" КОИ ОПФАЌААТ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТАЛОЖНИЦИ, ИЗРАБОТКА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф1000, ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ РЕШЕТКИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „БОРИС КИДРИЧ", НА ПОВРШИНА ОД 700М2, ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦА „ЃОРЃИ СОКОЛОВ



ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „1 МАЈ", НА ПОВРШИНА ОД 800М 2, ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ. КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!



ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА НОВОИЗГРАДЕНАТА ТРЕТА ЛЕНТА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.



ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ДОНИРАНИ 580 КОРПИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД. ВО ПЕРИОДОТ КОЈ ПРЕТСТОИ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НА ПОСЕБНИ ЛОКАЦИИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНАТА ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ ГОДИНИ НАНАЗАД ПРЕВЗЕМА НИЗА АКТИВНОСТИ СЕ СО ЦЕЛ ПОДОБРА, ПОЗДРАВА И ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЗА ШТО СВЕДОЧИ И ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА НА СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕМЕ.





ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛО ВОЗАРЦИ ЗА КРАТОК ПЕРИОД ДОБИВААТ СПОРТСКА САЛА!

СЕ ПОСТАВУВАШЕ ПОДОТ ВО СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, КОЈА Е СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2 КОЈА ЌЕ БИДЕ ВО СКЛОП НА ПОДРАЧНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР" ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ОБРАЗОВАНИЕ

ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УСПЕШНО ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ПРОЕКТОТ „БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ" КОЈ ГИ ОПФАЌА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА. СО БЕСПЛАТНИОТ ОБРОК СЕ ХРАНАТ ВКУПНО 1780 УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ.

МЕНИТО Е НУТРИЦИОНИСТИЧКИ ИЗГОТВЕНО И ВКЛУЧУВА РАЗНОВИДНА ХРАНА, ПИЈАЛОК И ОВОШЈЕ.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 20.000.000 ДЕНАРИ, ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.

УСПЕАВМЕ ДА ИМ ОЛЕСНИМЕ НА РОДИТЕЛИТЕ КОИ ЗА ПРВПАТ ГИ ЗАПИШУВААТ СВОИТЕ ДЕЦА ВО УЧИЛИШТЕ, НО НАЈВАЖНО ОД СЕ Е ШТО ОВОЗМОЖИВМЕ ПРАВИЛНА И НАВРЕМЕНА ИСХРАНА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА.





ПРОЕКТОТ „БИОДИВЕРЗИТЕТОТ Е НАШАТА ИДНИНА" КОЈ ГО СПРОВЕДУВААТ УЧИЛИШТА ОД ПОРТУГАЛИЈА, КАНАРСКИТЕ ОСТРОВИ (ШПАНИЈА), ФРАНЦУСКА ГВИНЕА И ЕСТОНИЈА, ЗАЕДНО СО СОВЕТОТ ЗА ПРЕВЕНТИВА ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА – СППМД ОД КАВАДАРЦИ, ИМА ЗА ЦЕЛ КРЕИРАЊЕ НА ИНОВАТИВНО ПРАКТИЧНИ НАСТАВНИ МАТЕРИЈАЛИ, ЛЕСНО ПРИСПОСОБЛИВИ ЗА ФОРМАЛНО И НЕФОРМАЛНО УЧЕЊЕ, КАКО И ДА ЈА ВОВЕДЕ И ЗАЈАКНЕ ЕВРОПСКАТА ДИМЕНЗИЈА И ИДНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ПАРТНЕРИТЕ.

16 ДИРЕКТОРИ И ПРОФЕСОРИ ЌЕ РАБОТАТ НА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА НАЈДОБРИТЕ ПРАКТИКИ, НА СОЗДАВАЊЕ КУРСЕВИ ЗА ПРИМЕНЕТА ЕКОЛОГИЈА НА ОТВОРЕНО ШТО ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ КОРИСТАТ НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЗОВНИ ГРУПИ, КАКО И НА ЗАПОЗНАВАЊЕ СО РАЗЛИЧНИТЕ БИОДИВЕРЗИТЕТИ И КУЛТУРИ НА СЕКОЈА ОД ЗЕМЈИТЕ ПАРТНЕРИ ПРЕКУ АКТИВНОСТИ НА ОТВОРЕНО И ПОСЕТИ НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ.



# НАСТАНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НАЈТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА ЗА 2024 ГОДИНА, СО МОЖНИ 100 ПРОЦЕНТИ СПОРЕД ИНДЕКСОТ ЗА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

СПОРЕД РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНДЕКСОТ ЗА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО 2024 ГОДИНА ИЗНЕСУВА 100 % (ОД МОЖНИ 100 %) СО ШТО ОПШТИНАТА СЕ НАОЃА ВО ГРУПАТА ИНСТИТУЦИИ СО 'МНОГУ ДОБРА' АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ (ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД 80 % ДО 100 %). СО ОВИЕ БОДОВИ, ОПШТИНАТА СЕ НАОЃА НА 20-ТА ПОЗИЦИЈА ОД ВКУПНО 98 РАНГИРАНИ ИНСТИТУЦИИ.ОВАА ОПШТИНА ОД ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН ВЕЌЕ ЧЕТВРТА ГОДИНА ГО ЗАДРЖУВА ИСТОТО, РЕЛАТИВНО ВИСОКО НИВО НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ. СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА, ВО СЕПТЕМВРИ 2021, ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ ОРГАНИЗИРАШЕ РАБОТИЛНИЦА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКАТА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, НА КОЈА СЕ ПОТЕНЦИРАШЕ ВАЖНОСТА ОД ОБЈАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ НА СОПСТВЕНА ИНИЦИЈАТИВА НА ИНСТИТУЦИЈАТА, БЕЗ ПРИТОА ЗА ТИЕ ИНФОРМАЦИИ НЕКОЈ ДА ИМА ДОСТАВЕНО ДО НЕА ОФИЦИЈАЛНО БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП. ОД ТОГАШ, ПРОЕКТОТ КОНТИНУИРАНО ГИ ПОДДРЖУВА ПАРТНЕР ОПШТИНИТЕ ОД ПРВАТА ГРУПА, МЕЃУ КОЈА Е И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ.

ВО МАЈ 2021, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА ВО СЛЕДНИТЕ ОБЛАСТИ:

1. УПРАВУВАЊЕ СО ОПШТИНСКИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ
2. ПЛАНИРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ
3. ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ
4. ПЛАНИРАЊЕ И ПРИБИРАЊЕ НА ПРИХОДИ ОД СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ
5. ПРИСТАП ДО НАДВОРЕШНО ФИНАНСИРАЊЕ
6. ОВОЗМОЖУВАЧКА СРЕДИНА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР






ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕМИЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ, МИНИСТЕРКАТА ЗА ФИНАНСИИ ГОРДАНА ДИМИТРИЕВСКА КОЧОСКА И АМБАСАДОРКАТА НА САД ВО МАКЕДОНИЈА АНЏЕЛА АГЕЛЕР, ПРИСУСТВУВАШЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МЕТОДСКА ПОКАЗНА ВЕЖБА ОД СТРАНА НА НАШИТЕ ВОЈНИЦИ: ЛЕСНА ПЕШАДИСКА БОРБЕНА ГРУПА ВО АРМИСКИОТ ПОЛИГОН „КРИВОЛАК".

АРМИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА УШТЕ ЕДНАШ ДОКАЖА ДЕКА Е ПОДГОТВЕНА ЗА СЕКАКВИ ПРЕДИЗВИЦИ.







# НАСТАНИ

СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕВЗЕМА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКВОСТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА.

ЕДНА ОД ОСНОВНИТЕ МЕРКИ Е ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ЛОКАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ ПРЕКУ ЕДУКАТИВНА СОДРЖИНА "ЕДНАКВОСТ ЗА СИТЕ" , СЕ СО ЦЕЛ ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВОСТ.

ГРАЃАНИТЕ ИМААТ ПРАВО ДА БИДАТ ИНФОРМИРАНИ ЗА СВОИТЕ ПРАВА И ПОДЕДНАКВО ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ, СОЦИЈАЛНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ ЖИВОТ.






МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВОСТ, ПРОДОЛЖУВААТ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД КАВАДАРЦИ, КАКО ПОСЕБНА ЦЕЛНА ГРУПА ВО ОПШТЕСТВОТО






ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОВИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ (ПУЖССА) ВО РАМКИ НА „ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО РМ" КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА ЕДИНИЦАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД СВЕТСКА БАНКА. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ АПЛИЦИРАШЕ СО БАРАЊЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСУМ ПОД –ПРОЕКТИ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ МУ ПОСАКА ДОБРЕДОЈДЕ НА АМБАСАДОРОТ НА ЦРНА ГОРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Г-ДИН ЗОРАН МИЉАНИЌ.

НА РАБОТНАТА СРЕДБА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ И НЕГУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО АМБАСАДАТА КАКО И КУЛТУРНАТА РАЗМЕНА СО ГРАДОВИТЕ ОД ЦРНА ГОРА.

БИДЕЈЌИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ИЗДВОЈУВА КАКО ЕКОНОМСКИ НАЈРАЗВИЕНА ОПШТИНА, СЕ ПОТЕНЦИРАШЕ И МОЖНОСТА ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ КАВАДАРЕЧКОТО СТОПАНСТВО И СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ ОД ЦРНА ГОРА.



# НАСТАНИ

ПРВИОТ ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНСКИОТ АВТОМОБИЛИЗАМ СЕ ОДДРЖА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!
ВО СОРАБОТКА СО RPM.MK ГРАЃАНИТЕ НА КАВАДАРЦИ, А И ПОСЕТИТЕЛИТЕ ОД ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА БЕА СВЕДОЦИ НА ЕДНО УНИКАТНО ИСКУСТВО ПОСВЕТЕНО НА МАКЕДОНСКАТА АВТОМОБИЛСКА КУЛТУРА, ИНОВАЦИЈА, СПОРТ И ТРАДИЦИЈА, НО И ПРОМОЦИЈА НА ИСТИТЕ КАКО КЛУЧЕН ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА!
МЕСТО КАДЕ ГИ ПРОМОВИРАМЕ СИТЕ НОВИТЕТИ ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА, ОДДАВАМЕ ПОЧИТ НА АВТОМОБИЛСКАТА ИСТОРИЈА, УСПЕШНИТЕ АВТОМОБИЛИСТИ, КЛУБОВИ И КОМПАНИИ. ФЕСТИВАЛ КАДЕ СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВОЗАТ ПРОМОТИВЕН КРУГ НА ПАТЕКАТА ПО ГЛАВНИТЕ УЛИЦИ НА КАВАДАРЦИ, ФЕСТИВАЛ НА КОЈ СЕ ИЗЛОЖЕНИ ОГРОМЕН БРОЈ НА АВТОМОБИЛИ - ФЕСТИВАЛ КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА!






ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ПОТПИША ДОГОВОРИТЕ СО КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВИЕ ШЕСТ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ, ВО ВРЕДНОСТ ОД СКОРО 2 МИЛИОНИ ЕВРА!
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРИСТАПЕН ПАТ ЗА М.В КОСОВЕЦ, СЕЛО РЕСАВА.
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО РЕСАВА ДО СЕЛО ДАБНИШТЕ.
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА СЕЛО ЧЕМЕРСКО.
ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ БАЗЕН КАВАДАРЦИ.
ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА КРУЖЕН ТЕК НА Р-1107 НАДВОР ОД ОПФАТ, ПРЕД ВЛЕЗ НА КАВАДАРЦИ.
ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „8 СЕПТЕМВРИ".



ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО ПРЕМИЕРОТ HRISTIJAN MICKOSKI И ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОЈ ДОКАЖА ДЕКА Е СИЛНА ПОДДРШКА И ПАРТНЕР ЗА СИТЕ ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО НАЈБРЗ МОЖЕН РОК ЗАПОЧНУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВИЕ ПРОЕКТИ, КОИ СЕ ОД КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!

ЗА СИТЕ КОИ УЖИВААТ ВО ПЕШАЧЕЊЕТО
ЗАПОЧНАА ПОДГОТОВКИТЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ТЕРЕНОТ ВО ДОЛЖИНА ОД 854 МЕТРИ, СО ШТО НАШИТЕ ГРАЃАНИ ЌЕ ДОБИЈАТ НОВА ВЕЛОСИПЕДСКО ПЕШАЧКА ПАТЕКА ГЛИШИЌ – МАРЕНА.
ИНВЕСТИЦИЈАТА ОД 10.000.000 ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# НАСТАНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" СМЕР- ТЕХНИЧАР ЗА ПЕЈЗАЖЕН ДИЗАЈН ОД II-1 ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. РАДИЦА БИНОВА, АНЕТА ТОДОРЧЕВА И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИМАА ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА, САДЕЊЕ САДНИЦИ ОД „GINGKO BILOBA" КАЈ СПОМЕНИКОТ КИРО КРСТЕВ И ДИМЧЕ МИРЧЕВ ВО ПАРКОТ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ,ИМАШЕ РАБОТНА СРЕДБА СО НОВОИМЕНУВАНИОТ АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, КРИСТОФ ЛЕ РИГОЛЕР.

НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ПРЕКУ ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ, ПРОЕКТИ КОИ СЕ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ВО РАЗВОЈОТ НА КАВАДАРЦИ, КАКО И ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ И ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА.





ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА УЧЕНИЦИТЕ ОД 4 ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ, А ПОВОД БЕШЕ ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА.

УЧЕНИЦИТЕ БЕА ПРИМЕНИ ОД СТРАНА НА РАКОВОДИТЕЛОТ НА СЕКТОР ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ, БЕА ЗАПОЗНАТИ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ, И ИМ БЕШЕ ОДГОВОРЕНО НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА КОИ ГИ ПОСЕДУВААТ.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ПОСЕТАТА ДРАГИ УЧЕНИЦИ И ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ПОВТОРНО!





ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ОПШТИНА КАНЕЛИ, ИТАЛИЈА.

ДЕЛЕГАЦИЈА ОД LIONS CLUB NIZZA MONFERRATO – CANELLI ОПШТИНА КАНЕЛИ, ИТАЛИЈА ПОКАНЕТИ ОД СТРАНА НА ЛАЈОНС КЛУБ ТИКВЕШ БЕА ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ОПШТИНА КАНЕЛИ СЕ НАОЃА ВО СЕВЕРНИОТ ДЕЛ НА ИТАЛИЈА И ВАЖИ КАКО ИНДУСТРИСКИ ЦЕНТАР ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОПРЕМА ЗА ОПРЕМУВАЊЕ НА ВИНАРИИ. ПОКРАЈ ТОА,ВАЖИ ЗА ВИНСКА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА НА ИТАЛИЈА. НА ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ОПШТИНА КАНЕЛИ ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИОТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КРСТЕ СОКОЛОВ И СОВЕТНИКОТ ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ ИМ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНА ЕКОНОМСКИОТ И КУЛТУРНИОТ РАЗВОЈ НА НАШАТА ОПШТИНА. ПО ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИЗРАЗИ ПОНУДА ЗА ПОБРАТИМУВАЊЕ СО ЦЕЛ СТОПАНСКО, ТУРИСТИЧКА И КУЛТУРНА СОРАБОТКА. ОВА ПРЕТСТАВУВА ГОЛЕМ ЧЕКОР ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ДЕЛОТ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО ИДНИНА.

# ОТЧЕТ 2024

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИТЕ ГО ПРЕЗЕНТИРАШЕ ОТЧЕТОТ ЗА ТРИ ГОДИНИ ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!

-ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ,
МОЕТО, ВАШЕТО, НАШЕТО КАВАДАРЦИ ПРЕРАСНА ВО ЕДЕН МОДЕРНИЗИРАН И СОВРЕМЕН ЕВРОПСКИ ГРАД!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА, ТОА ГО ПОТВРДУВААТ И ГОЛЕМИОТ БРОЈ НА АНАЛИЗИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, СПОРЕД КОИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ НАОЃА НА ПРВОТО МЕСТО СПОРЕД РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНДЕКСОТ ЗА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ!
МНОГУ Е ВАЖНО ДА СЕ НАПОМЕНЕ ДЕКА ДО СЕГА СЕ РЕАЛИЗИРАНИ 97 ПРОЦЕНТИ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА, НО И ГОЛЕМ БРОЈ НА ПРОЕКТИ КОИ СЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНА РЕАЛИЗАЦИЈА, И КОИ НЕ БЕА ДЕЛ ОД ТАА ПРЕДИЗБОРНА ПРОГРАМА, НО СЕ РЕАЛИЗИРАА КАКО РЕЗУЛТАТ НА МОЈАТА УПОРНОСТ, ЖЕЛБА, НО И ПОТРЕБАТА И БАРАЊАТА НА САМИТЕ ГРАЃАНИ.
ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ СЕ АСФАЛТИРАНИ ГОЛЕМ БРОЈ НА УЛИЦИ ВО ЦЕЛАТА ОПШТИНА. САМО ВО ПЕРИОДОТ ОД НОЕМВРИ МИНАТАТА ГОДИНА ДО СЕГА, ЦЕЛОСНО СЕ АСФАЛТИРАНИ НАД 25 УЛИЦИ, ИСТО ТОЛКУ БЕТОНИРАНИ, ГОЛЕМ БРОЈ НА ПОПЛОЧЕНИ ТРОТОАРИ И УЛИЦИ КАКО ВО ГРАДОТ ТАКА И ВО СЕЛАТА, ИЗГРАДЕНИ СЕ И ПОТПОРНИ ЅИДОВИ НА ПОВЕЌЕ ОД ШЕСТ ЛОКАЦИИ, КОИ СЕ ПО БАРАЊА НА ГРАЃАНИТЕ ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ НО И ЗА ПЕШАЦИТЕ.
ПРОЕКТИ КОИ ГИ ИЗДВОЈУВАМЕ КАКО КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ И ВО ТЕК, И ИСТИТЕ БЕА ДЕЛ ОД НАШАТА ПРЕДИЗБОРНА ПРОГРАМА:
1.ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО БОЈАНЧИШТЕ ДО БЛАШНИЦА (ВЛИВ ВО ТИКВЕШКО ЕЗЕРО)
2.ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
3.ИЗГРАДБА НА СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР ВО МИХАЈЛОВО.
4. ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ
5.ИНТЕРВЕНТЕН ЦЕНТАР ЗА ПРИВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЛИЦА СО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК
6.ДОГРАДБА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ КОЈА ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ КОЈ СЕ ПРОТЕГА СЕ ДО С.ВАТАША.
7.СПОРТСКИ САЛИ ВО СЕЛАТА МАРЕНА, ВОЗАРЦИ И СОПОТ.
8.РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ"КАВАДАРЦИ.
9.АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ КРАЦИ ОД УЛИЦАТА „25 МАЈ" И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ.
10.ПРОБИВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ДОМОВИЦА" И НЕКОЛКУ КРАЦИ ОД ИСТАТА!
11. ИЗГРАДБА НА НОВ ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"
12.ИЗГРАДБА НА „РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО"
13.ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО.
14.СЕЛО ДРЕНОВО ДОБИ ДЕТСКА ГРАДИНКА.
15. ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА „РЕСАВСКА"
16. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ"
17. АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАР „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ"
18. БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ.
19. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО СЕЛО БОХУЛА.
20. КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, КАКО И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИ-

ЗАЦИЈА.
21. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРУЖЕН ТЕК „БУРЕ" НА СПОЈОТ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР СО БУЛЕВАР МОША ПИЈАДЕ.
22.ПРОБИВАЊЕ НА БУЛЕВАР „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" И СПОЈУВАЊЕ СО ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.
23.РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИЈА И ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „27 МАРТ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ.
24. БЕТОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД БРАНА ХЕЦ ТИКВЕШ ДО НАСЕЛБА ГОЛЕШ.
25. ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН БАЗЕН
26. ИЗГРАДБА НА ФОНТАНА ВО ЧЕСТ НА САШКО ГЕШОВСКИ
27. АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ИНДУСТРИСКА" ВО НАСЕЛБА СТРАШО ПИНЏУР, НА ПОВРШИНА ОД 6900М2.
28. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ШИШКА" ОД БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР.

НО, МНОГУ ВАЖНО Е ШТО МОЈАТА, НАШАТА ЉУБОВ КОН КАВАДАРЦИ НЕ ЗАСТАНУВА ОВДЕ! СО ГОРДОСТ ВИ НАЈАВУВАМ, ДЕКА ПОКРАЈ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА ОД 97 ПРОЦЕНТИ, ПАРАЛЕЛНО СО ПОМОШ НА СЛУЖБИТЕ ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА РЕАЛИЗИРАВМЕ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРОЕКТИ КОИ СЕ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ И ОПШТИНАТА!

ОВА СЕ САМО ДЕЛ ОД МНОГУТЕ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ. ЗА СЕ ШТО ДОСЕГА Е СРАБОТЕНО, СЕ ШТО ТЕКОВНО СЕ РАБОТИ И ЗА СИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ ГОЛЕМ ПРИДОНЕС ИМАТЕ ТОКМУ ВИЕ. ВАШАТА ПОДДРШКА, СЕКОЈДНЕВНА КОМУНИКАЦИЈА И ВАШИТЕ РЕАЛНИ БАРАЊА ДРАГИ КАВАДАРЧАНИ, ВО ГОЛЕМА МЕРА ПОМОГНАА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СИТЕ ВЕТЕНИ ПРОЕКТИ.

БЛАГОДАРНОСТ ДО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ, ЗА ДОСЕГАШНИТЕ И ИДНИ СЕДНИЦИ, НА КОИ ЕДИНСТВЕНО ЌЕ РАСПРАВАМЕ ЗА ТОА ШТО Е НАЈДОБРО ЗА НАШАТА ОПШТИНА, ЗА НАШИТЕ СОГРАЃАНИ И ЗА ГЕНЕРАЦИИТЕ ПОСЛЕ НАС. БЛАГОДАРНОСТ ДО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЗА ПОМОШТА КОЈА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ ЈА ДОБИВА ОД КОМПАНИИ ОД КАВАДАРЦИ, КОМПАНИИ СО СЕДИШТЕ ВО КАВАДАРЦИ, НО И ОД ЦЕЛАТА ДРЖАВА.

ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!

СО ПОЧИТ,
ГРАДОНАЧАЛНИК
Д-Р МИТКО ЈАНЧЕВ



АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, ВО ИМЕ НА ДОБРАТА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ВО ПРИСУСТВО НА АМБАСАДОРКАТА Г-ЃА УЗЛЕМ ЏАНЕЛ ОДЛУЧИ ДЕЛ ОД СВОИТЕ ТИМ БИЛДИНГ АКТИВНОСТИ ДА ГИ РЕАЛИЗИРА ТОКМУ ВО НАШИОТ ГРАД. ВО СОРАБОТКА СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА БЕА ПОСАДЕНИ 700 ЛАЛИЊА ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА, КОИ ШТО НА ПРОЛЕТ ЌЕ ГО РАЗУБАВАТ АМБИЕНТОТ НА ПАРКОТ, И ВООПШТО НА НАШИОТ УБАВ ГРАД.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ, МУ ПОСАКАА ДОБРЕДОЈДЕ НА НОВИОТ СОПСТВЕНИК НА ФАБРИКАТА ГОЛДЕН ИГЛ, Г-ДИН РОБЕРТ ЈУКСЕЛ ЈИЛДИРИМ, ПРЕТСЕДАТЕЛ И ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА ТУРСКАТА ГРУПАЦИЈА НА КОМПАНИИ ЈИЛДИРИМ.
ВО ОВАА ПРИЛИКА НА РАБОТНАТА ВЕЧЕРА КОЈА БЕШЕ ПРИРЕДЕНА ВО НЕГОВА ЧЕСТ, ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МУ БЕШЕ ВРАЧЕН И ПОДАРОК- ФИЛИГРАН СО СИМБОЛОТ НА ВЕЧНОСТА.


Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

**kavadarci.gov.mk**